Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), Програмата за туризам на Општина Битола за 2026 година ("Службен гласник на Општина Битола бр.19 од 29.12.2025 год.) Општина Битола објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

за доделување на финансиски средства од буџетот на Општина Битола за Здруженија кои спроведуваат активности во врска со унапредување на туризмот во Општина Битола

## 1. Предмет на јавниот повик

1.1 Предмет на јавниот повик е доделување на финансиски средства на Здруженија кои спроведуваат активности во врска со унапредување на туризмот во Општина Битола

1.2 Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Битола е согласно Програмата за туризам на Општина Битола за 2026 година во висина од 300.000,00 денари (триста илјади денари) се врши преку грантови за проекти за Здруженија кои спроведуваат активности во врска со унапредување на туризмот во Општина Битола.

## 2.Критериуми за аплицирање

2.1 Основни организациски критериуми кои што треба да ги исполнуваат Здруженијата се:

- Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на РСМ" бр.239/22) и
- Да имаат седиште во Општина Битола
- Да имаат во програмата и целите на здружението област туризам

2.2. Здруженијата апликанти имаат право да поднесат една или повеќе апликации за финансиска поддршка, од кои само една може да биде одобрена по одлука на Комисијата.

2.3. Повеќе Здруженија може да аплицираат заеднички со еден предлог проект.

## 3.Потребна документација за пријавување

Заинтересираните здруженија потребно е да ја достават следната документација:
1.Предлог проект:
- Опис на проектот
- Резултати и индикатори
- Временска рамка
- Финанасиски план

2.Копија од Решение за регистрација
3.Копија од Тековна состојба за постара од шест месеци, издадена од Централен регистар
4.Статут од здружението

5.Годишен извештај од претходната година (наративен и финансиски)

**4. Рок и начин на доставување на пријавите**

4.1 Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општина Битола.
4.2 Јавниот повик ќе трае до 06.10.2026 година.
4.3 Потребната документација, апликантите ја поднесуваат во затворен плик преку шалтерите на Општина Битола, со назнака: ЈАВЕН ПОВИК за доделување на финансиски средства од буџетот на Општина Битола за Здруженија кои спроведуваат активности во врска со унапредување на туризмот во Општина Битола.
4.4 Потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски, со печат и потпис од одговорното лице на апликантот.

**5. Начин на спроведување на јавниот повик**

Поднесените барања од Јавниот повик ги евалуира Комисијата за поединечна евалуација на поднесени барање за финансиска поддршка. Извршените евалуации Комисијата ги доставува за одобрување согласно определената надлежност за доделување на финансиски средства.

**6.Користење на доделените средства**

6.1 Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во Договор кој ќе биде склучен помеѓу Здруженијата и Општина Битола.
6.2 Комисија за поединечна евалуација на поднесените барања за финансиска поддршка ќе го следат наменското трошење на доделените средства.

Бр.08-1142/1
28.09.2026 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА БИТОЛА